ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# Соопштение за договор помеѓу ФЗОМ и приватниот центар за дијализа ПЗУ Дијамед

Фондот за здравствено осигурување на Македонија би сакал да ја информира јавноста дека денеска потпиша договор за соработка со новоотворениот приватен центар за дијализа ПЗУ Дијамед од Скопје. Со тоа трајно се реши деценискиот проблем со недостаток на капацитети во Скопје за вршење на оваа здравстена услуга. Имено, поради дефицитарност на капацитетите, а во интерес на нашите осигуреници од Скопје, кои што досега третманите ги вршеле во други градови од Македонија (Струга, Велес, Гостивар), Фондот го прифати барањето на ПЗУ Дијамед за склучување на договор, и тоа по референтната цена на дијализата во РМ.

Во првата фаза од договорот, до 30ти јуни 2010 година Дијамед ќе опслужува 40тина осигурени лица од Скопје. Имено се работи за 25 пациенти кои што досега патувале од Скопје до Струга за секој третман, 4 пациенти кои патувале во други градови и 10 нови пациенти, кои веќе имаат потреба од хемодијализа.

Со овој чекор, ФЗОМ става крај на агонијата на оваа категорија на осигуреници од Скопје за постојана потрага по место за дијализа.

Македонија 6б, 1000 Скопје • Тел: 02 3289.000 • Факс: 02 3289.048
w w w . f z o . o r g . m k